1. СЕ УСВОЈУВА Финансискиот извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2024 година**,** за трет квартал бр.0103-160/1 од 24.12**.**2024 година, со дадено Позитивно мислење бр.0202-165/1 од 25.12.2024 година од Надзорниот одбор на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН – Ранковце и усвоен од Управниот одбор на Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН – Ранковце со Одлука бр**.**0201-169/1 од 25.12.2024 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-117/11 **Совет на Општина Ранковце**
31.01.2025 година **Претседател**
Ранковце **Александра Стамболиска Јовановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2025 година

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2025 година, донесен на 49-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 31.01.2025 година.

2.Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2025 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-170/9
03.02.2025 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 6 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 27 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 49-та седница одржана на ден 31.01.2025 година, донесе

З А К Л У Ч О К
За усвојување на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2025 година

1.Со овој Заклучок се усвојува Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце за 2025 година бр**.** 0201-161/1 од 24.12.2024 година, усвоена од Управниот одбор на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце со Одлука бр.0201-170/1 од 25.12.2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-117/12
31.01.2025 година
Ранковце

Советна Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска Јовановска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работа на ТППЕ - Ранковце, за 2024 година

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештај за работа на ТППЕ - Ранковце, за 2024 година, донесен на 49-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 31.01.2025 година.

2.Заклучокот за усвојување на Извештај за работа на ТППЕ - Ранковце, за 2024 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-170/10 **Општина Ранковце**
03.02.2025 година **Градоначалник**
Ранковце **Борче Спасовски, с.р**

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 49-та седница одржана на ден 31.01.2025 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Извештај за работа на ТППЕ - Ранковце, за 2024 година

1. Се усвојува Извештајот за работа на ТППЕ-Ранковце, за 2024 година.

2. Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце.

Бр.09-117/13 **Советна Општина Ранковце**
31.01.2025 година **Претседател**
Ранковце **Александра Стамболиска Јовановска, с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина

Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за стручно изведување на вежби со вработените во ТППЕ на Општина Ранковце, за 2024 година

1.Се прогласува Заклучокот за усвојување на Извештај за стручно изведување на вежби со вработените во ТППЕ на Општина Ранковце, за 2024 година, донесен на 49-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 31.01.2025 година.

2.Заклучокот за усвојување на Извештај за стручно изведување на вежби со вработените во ТППЕ на Општина Ранковце, за 2024 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-170/11
03.02.2025 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Р.М“ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 4/19 и 5/22), Советот на Општина Ранковце, на 49-та седница одржана на ден 31.01.2025 година, донесе

ЗАКЛУЧОК
За усвојување на Извештај за стручно изведување на вежби со вработените во ТППЕ на Општина Ранковце, за 2024 година

1. Се усвојува Извештајот за стручно изведување на вежби со вработените во ТППЕ на Општина Ранковце, за 2024 година.

2.Овој Заклучок влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ранковце.

Бр.09-117/14
31.01.2025 година
Ранковце

Советна Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска Јовановска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Програмата за измена и дополнување на ПРОГРАМАТА за социјална, детска, здравствена заштита и еднакви можности на Општина Ранковце за 2025 година

1.Се прогласува Програмата за измена и дополнување на ПРОГРАМАТА за социјална, детска, здравствена заштита и еднакви можности на Општина Ранковце за 2025 година, донесена на 49-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 31.01.2025 година.

2.Програмата за измена и дополнување на ПРОГРАМАТА за социјална, детска, здравствена заштита и еднакви можности на Општина Ранковце за 2025 година, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-170/12
03.02.2025 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа (“Службен весник на РМ“ број 5/02), член 11 од Законот за социјална заштита (“Службен весник на РСМ“ бр. 104/19, 146/19, 275/19, 302/20, 311/20, 163/21, 294/21,99/22, 236/22 и 65/23), член 14 став 1 од Законот за еднакви можности на жените и мажите, („Службен весник на Република Мекедонија „ бр.6/12 и бр.166/14) и член 23 став 1 точка 11 од Статутот на Општина Ранковце (“Службен гласник на Општина Ранковце“ број 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 04/19, 5/22), Советот на Општина Ранковце на 49-та седницата одржана на 31.01.2025 година, донесе

П Р О Г Р А М А
За измена и дополнување на ПРОГРАМАТА за социјална, детска, здравствена заштита и еднакви можности на Општина Ранковце за 2025 година

Во ПРОГРАМАТА за **за социјална, детска, здравствена заштита и еднакви можности на Општина Ранковце за 2025 година**, („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр.15/2024), се врши измена и дополнување и тоа:

Во Точка 3.2. ДЕТСКА ЗАШТИТА во делот Активности по точка 3 се додава точка 4 која гласи:

4. Парична помош за секое прваче запишано во прво одделение во ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош“ Ранковце

Во точка 4. АКЦИСКИ ПЛАН табелата се менува и гласи

Активност	**Временски период**	**Носител на активноста**	**Буџет на Општина Ранковце**
Парична помош за лица во ризик, лица кои претрпеле елементарна непогода, лица со попреченост	Во текот на годината	Општина Ранковце	100.000,00
Одбележување на Интернационалниот ден на лицата со попреченост 3-ти декември	3-ти Декември 2025	Општина Ранковце	20.000,00
Ангажирање на невработени лица и обезбедување на социјалната услуга помош и нега во домот за стари, болни и изнемоштени лица преку Програмата на УНДП и ангажирање на невработени лица за вршење на Јавни работи преку АВРСМ	Во текот на годината	Општина Ранковце, УНДП, АВРСМ	180.000,00
Парична помош за секое новороденче, запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Ранковце	Во текот на годината	Општина Ранковце	300.000,00

Парична помош за секое прваче запишано во прво одделение во ООУ „Христијан Тодоровски-Карпош“	Септември 2025	Општина Ранковце	120.000,00
Доделување на новогодишни пакетчиња	Декември 2025	Општина Ранковце	50.000,00
Изработка на техничка документација за детска градинка	Во текот на годината	Општина Ранковце	600.000,00
Парична помош на деца и лица во лоша здравствена состојба, болнички третмани, хирушки зафати	Во текот на годината	Општина Ранковце	200.000,00
Едукативни трибини за здраствено воспитување на населението, деца и млади во училишни и предучилишни установи и лошото влијание од употреба на психотропни супстанци	Во текот на годината	Општина Ранковце	10.000,00
Учество на семинари, работилници, панел дискусии и округли маси поврзани со правото на еднаквите можности и родово одговорно буџетирање	Во текот на годината	Општина Ранковце	10.000,00
Унапредување на економскиот статус на жените, јакнење на нивните капацитети и поттикнување на женското претприемништво преку публицирање на информации (печатени материјали, веб страна на општината)	Во текот на годината	Општина Ранковце	10.000,00
			Вкупно: 1.600.000,00

Оваа Програма влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ,,Службен гласник на Општина Ранковце’’.

Бр.09-117/15
31.01.2025 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател,
Александра Стамболиска-Јовановска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за доделување на Парична помош за секое прваче запишано во прво одделение во ООУ „Христијан Тодоровски –Карпош” Ранковце

1.Се прогласува Одлуката за доделување на Парична помош за секое прваче запишано во прво одделение во ООУ ,,Христијан Тодоровски –Карпош” Ранковце, донесена на 49-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 31.01.2025 година.

2.Одлуката за доделување на Парична помош за секое прваче запишано во прво одделение во ООУ ,,Христијан Тодоровски –Карпош” Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-170/13
03.02.2025 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ‘‘ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Сл. гласник на Општина Ранковце‘‘ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 04/19, 5/22), Советот на Општина Ранковце на 49–та седницата одржана на 31.01.2025 година донесе

ОДЛУКА
За доделување на Парична помош за секое прваче запишано во прво одделение во ООУ „Христијан Тодоровски –Карпош” Ранковце

Член 1

Со оваа Одлука се доделува парична помош за секое прваче запишано во прво одделение во ООУ ,,Христијан Тодоровски –Карпош” Ранковце.

Член 2

Паричната помош за секое прваче запишано во прво одделение во ООУ ,,Христијан Тодоровски –Карпош” Ранковце изнесува 5.000,00 денари.

Член 3

За остварување на правото од член 2 на оваа Одлука, родителите/старателите на првачето се должни кон барањето да приложат потврда за запишан ученик во прво одделение во учебната 2025/2026 година заверена од ООУ ,,Христијан Тодоровски – Карпош” Ранковце (оригинал), фотокопија од извод од матичната книга на родените (за првачето), фотокопија од лична карта на родителот/старателот-подносител на барањето и фотокопија од активна трансакциска сметка на родителот/старателот - подносител на барањето.

Член 4

Барањето за парична помош на секое прваче запишано во прво одделение во ООУ ,,Христијан Тодоровски –Карпош” Ранковце се поднесува најдоцна до 30.09.2025 година.

Член 5

За спроведување на оваа Одлука се задолжува Одделението за финансиски прашања при Општина Ранковце.

Средствата за исплата на парична помош од членот 2 на оваа Одлука се обезбедуваат од Буџетот на Општина Ранковце.

Член 6

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето и истата ќе биде објавена во ,,Службен гласник на Општина Ранковце’’.

Бр. 09 –117/16
31.01.2025 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска Јовановска, с.р.

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за измена на одлуката за доделување на еднократна парична помош на секое новороденче запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Ранковце

1.Се прогласува Одлуката за измена на одлуката за доделување на еднократна парична помош на секое новороденче запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Ранковце, донесена на 49-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 31.01.2025 година.

2.Одлуката за измена на одлуката за доделување на еднократна парична помош на секое новороденче запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Ранковце, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-170/14
03.02.2025 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р

Врз основа на член 36 став 1 точка 15 од Законот за Локална самоуправа („Службен весник на РМ‘‘ бр. 05/02) и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Сл. гласник на Општина Ранковце‘‘ бр. 09/05, 04/10, 3/11, 11/15, 04/19, 5/22), Советот на Општина Ранковце на 49–та седница одржана на 31.01.2025 година донесе

ОДЛУКА
За измена на одлуката за доделување на еднократна парична помош на секое новороденче запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Ранковце

Член 1

Во Одлуката за исплата на еднократна парична помош на секое новороденче запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Ранковце (“Службен гласник на Општина Ранковце” бр.15/2023) се врши измена во член 2 и тоа: износот 3.000,00 денари се менува и гласи 9.000,00 денари.

Член 2

Оваа Одлука стапува во сила со денот на донесувањето и истата ќе биде објавена во „Службен гласник на Општина Ранковце‘‘.

Бр. 09 –117/17
31.01.2025 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска Јовановска, с.р

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на Република Македонија“бр.5/02), и член 51 став 1 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 9/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), Градоначалникот на Општина Ранковце, донесе

З А К Л У Ч О К
За прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства

1.Се прогласува Одлуката за одобрување на финансиски средства, донесена на 49-та седница на Советот на Општина Ранковце одржана на ден 31.01.2025 година.

2.Одлуката за за одобрување на финансиски средства, да се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

3.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.08-170/15
03.02.2025 година
Ранковце

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски, с.р

Врз основа на член 36 став 1 алинеја 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весника на Република Македонија“ бр. 05/02), и член 23 став 1 точка 40 од Статутот на Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр. 09/05, 4/10, 3/11, 11/15, 4/19 и 5/22), а постапувајки по Барањето поднесено од Иконија Младеновска од село Псача, Општина Ранковце, заведено во Архивата на Општина Ранковце под број 09-78/1 од 17.01.2025 година, Советот на Општина Ранковце на 49-та седница одржана на ден 31.01.2025 година, донесе

ОДЛУКА
за одобрување на финансиски средства

Член 1

Се одобрува исплата на финансиски средства во износ на 40.000,00 (четириесет илјади денари) на Иконија Младеновска од село Псача, Општина Ранковце, родена 24.10.1949 година, како финансиска помош за санирање на последици од пожар.

Член 2

Финансиските средства од член еден на оваа одлука да се исплатат од Буџетот на општина Ранковце, од програмата ЕО-Општинска администрација, ставка 471 Социјални надоместоци, подставка 471110 Социјална парична помош на трансакциска сметка бр.200003244992693 при Стопанска банка АД - Скопје на Иконија Младеновска од село Псача.

Член 3

Се задолжува градоначалникот на Општина Ранковце да ја спроведе оваа Одлука.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-117/18
31.01.2025 година
Ранковце

Совет на Општина Ранковце
Претседател
Александра Стамболиска Јовановска, с.р.

Врз основа на член 181 став 6 од Законот за правда за децата („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 66/2024), а согласно на член 4 став 2 од Одлуката за формирање на Совет за превенција на детско престапништво во Општина Ранковце („Службен гласник на Општина Ранковце“ бр.11/24), Советот за детско престапништво во Општина Ранковце, на 1-та седница одржана на ден 24.01.2025 година, донесе

О д л у к а
за избор на Претседател на Советот за превенција на детско престапништво во Општина Ранковце

член 1

За претседател на Советот за превенција на детско престапништво во Општина Ранковце се избира Андријана Ивановска, вработена во ЈУ Меѓуопштински центар за социјални работи Крива Паланка.

Претседателот се избира со мандат од 2 (две) години, со право на повторен избор.

член 2

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Ранковце“.

Бр.09-49/2
24.01.2025 година
Ранковце

Совет за превенција на детско престапништво во Општина Ранковце
Претседавач
Јосип Алексовски

Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ бр.02/05) и член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр.38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.275/19, 89/22 и 274/22) Градоначалникот на Општина Ранковце, на ден 29.01.2025 година, донесе

РЕШЕНИЕ

за именување на вршител на должноста директор на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН Ранковце

1. Николче Јовановски од Ветуница, Општина Ранковце со лична карта број А2265079 издадена од МВР Крива Паланка се именува за вршител на должноста директор на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН Ранковце.
2. Именуваниот должноста директор на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН Ранковце ќе ја врши од 30.01.2025 година до изборот на нов директор но не подолго од шест месеци.
3. Се задолжуваат стручните служби на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН Ранковце да го пријават именуваниот во Агнцијата за вработување на Република Северна Македонија.
4. Решението влегува во сила со денот на донесување.

Образложение

Градоначалникот на Општина Ранковце, поради разрешување на вршителот на должноста директор на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН Ранковце на негово барање, а согласно член 24-а став 3 од Законот за јавните претпријатија („Службен весник на Република Македонија” бр. 38/96, 9/97, 6/02, 40/03, 49/06, 22/07, 83/09, 97/10, 6/12, 119/13, 41/14, 138/14, 25/15, 61/15, 39/16, 64/18 и 35/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 275/19, 89/22 и 274/22), а заради потребата на раководење и управување на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН Ранковце го именува Николче Јовановски за вршител на должноста директор на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН Ранковце до изборот на нов директор но не подолго од шест месеци.

Имајќи го во предвид горенаведеното, Градоначалникот на Општина Ранковце одлучи како во диспозитивот на ова Решение.

Упатство за правно средство: Против ова Решение, незадоволната странка има право да поведе спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на истото.

Доставено до: -Именуваниот; - Архива ; - Ј.К.П.ЧИСТ ДЕН Ранковце ; - АВРСМ;

Општина Ранковце
Градоначалник
Борче Спасовски

С О Д Р Ж И Н А

3. Заклучок за прогласување на Решението за разрешување и именување на член на Советот за превенција на детско престапништво во Општина Ранковце
4. Решение за разрешување и именување на член на Советот за превенција на детско престапништво во Општина Ранковце
5. Заклучок за прогласување на Програмата за работа на Советот на Општина Ранковце за 2025 година
6. Програма за работа на Советот на Општина Ранковце за 2025 година
7. Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работни активности на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2024 година, за прв квартал
8. Заклучок за усвојување на Извештај за работни активности на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2024 година, за прв квартал
9. Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работни активности на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2024 година, за втор квартал
10. Заклучок за усвојување на Извештај за работни активности на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2024 година, за втор квартал
11. Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работни активности на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2024 година, за трет квартал
12. Заклучок за усвојување на Извештај за работни активности на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2024 година, за трет квартал
13. Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Финансиски извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2024 година, за прв квартал
14. Заклучокот за усвојување на Финансиски извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2024 година, за прв квартал
15. Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Финансиски извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2024 година, за втор квартал
16. Заклучокот за усвојување на Финансиски извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2024 година, за втор квартал
17. Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Финансиски извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2024 година, за трет квартал
18. Заклучок за усвојување на Финансиски извештај за работа на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН – Ранковце, за 2024 година, за трет квартал
19. Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2025 година
20. Заклучок за усвојување на Програмата за работа на Јавното комунално претпријатие ЧИСТ ДЕН - Ранковце, за 2025 година
21. Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за работа на ТППЕ - Ранковце, за 2024 година
22. Заклучок за усвојување на Извештај за работа на ТППЕ - Ранковце, за 2024 година
23. Заклучок за прогласување на Заклучокот за усвојување на Извештај за стручно изведување на вежби со вработените во ТППЕ на Општина Ранковце, за 2024 година
24. Заклучок за усвојување на Извештај за стручно изведување на вежби со вработените во ТППЕ на Општина Ранковце, за 2024 година

25. Заклучок за прогласување на Програмата за измена и дополнување на ПРОГРАМАТА за социјална, детска, здравствена заштита и еднакви можности на Општина Ранковце за 2025 година
26. Програма за измена и дополнување на ПРОГРАМАТА за социјална, детска, здравствена заштита и еднакви можности на Општина Ранковце за 2025 година
27. Заклучок за прогласување на Одлуката за доделување на Парична помош за секое прваче запишано во прво одделение во ООУ ,,Христијан Тодоровски –Карпош” Ранковце
28. Одлука за доделување на Парична помош за секое прваче запишано во прво одделение во ООУ ,,Христијан Тодоровски –Карпош” Ранковце
29. Заклучок за прогласување на Одлуката за измена на одлуката за доделување на еднократна парична помош на секое новороденче запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Ранковце
30. Одлука за измена на одлуката за доделување на еднократна парична помош на секое новороденче запишано со адреса на живеење на територијата на Општина Ранковце
31. Заклучок за прогласување на Одлуката за одобрување на финансиски средства
32. Одлука за одобрување на финансиски средства
33. Одлука за избор на Претседател на Советот за превенција на детско престапништво во Општина Ранковце
34. Решение за именување на вршител на должноста директор на Ј.К.П. ЧИСТ ДЕН Ранковце

---/---